Почитувани,

По повод одбележувањето на 27ми Јануари – Меѓународниот ден на сеќавање на жртвите на Холокаустот, Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико организираше две работилници во средното училиште “Шаип Јусуф“ во Шуто Оризари, во рамките на проектот “Маргинализацијата и прогонството на Ромите во минатото и денес“, имплементиран од Ромскиот младински центар со поддршка на ЕУ.

На работилниците присуствуваа околу 80 ученици од трета и четврта година чија цел беше да се запознаат со значењето на овој ден, како и да се здобијат со личните искуства од преживеаните Роми за време не холокаустот. Во рамите на настанот исто така се одржа и интерактивен квиз за Важни датуми од Историјата на Ромите, и исто така се презентираше искуството од посетата на концентрациониот логор во Аушвиц од двајца членови од тимот на Ромалитико.

Историските датуми и настани претставуваат значен дел од афирмацијата на Ромскиот идентитет, и идните генерации на Роми треба да се запознаат со истите бидејќи не се дел од образовниот систем во нашата држава. Образовните институции треба да промовираат концепт на мултиетничко образование со цел и другите етнички заедници – Македонци, Албанци, Турци, и останати да се запознаат со историјата на Ромите. Само така може да промовираме заедничко општество без предрасуди и стереотипи.

Во прилог следи дел од работната атмосфера во училиштето.







